**ДУС– 1/2023**

**Број: 02-32230/5 од 17.08.2023**
**Датум на примена: 01.09.2023**

# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА ИЗДАВАЧ НА ЕЛЕКТРОНСКИ ДОКУМЕНТИ, ЕЛЕКТРОНСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ДОВЕРЛИВИ УСЛУГИ

## I.ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Значења на одделни изрази кои се користат во понатамошниот текст на условите
Осигурувач - Сава Осигурување а.д. Скопје
Договорувач на осигурување - правно или физичко лице кое со осигурувачот склучува договор за осигурување.
Осигуреник - издавач на електронски документи електронската идентификација и доверливите услуги и чија законска одговорност е покриена со осигурувањето по овие Услови.
Трето лице - правно или физичко лице кое може да претрпи штета од издавачот на електронски документи електронската идентификација и доверливите услуги а која штета е предмет на осигурување по овие услови.
Сума на осигурување - највисок износ на обврската на осигурувачот.
Полиса - документ за склученото осигурување.
Премија за осигурување - износ што договорувачот на осигурувањето односно осигуреникот го плаќа согласно договорот за осигурување.
Осигурен случај - иден, неизвесен и независен од исклучивата волја на осигуреникот штетен случај, кој има за последица настанување на штета за кој надомест може да бара третото оштетено лице.
Извор на опасност - дејноста од која може да настане одговорност како ризик покриен со ова осигурување.

## II.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на осигурување / Обем на покритие**
**Член 1**

Предмет на осигурување согласно на овие Услови е законската одговорност на издавачот на електронски документи за материјална штета која ќе ја предизвикаат вработените кај издавачот на корисниците на електронските документи, а согласно Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и Законот за облигациони односи.

Со осигурување на законската одговорност, издавачот е покриен за штети кои се настанати и пријавени за времетраење на осигурувањето, како последица од иден, непредвидлив, неочекуван и непознат штетен настан како последица на пропуст или грешка од небрежност, при совесно и чесно обавување на законските должности. Со овие услови се осигуруваат и ризици поврзани со користење на дигитални документи.

**Лимити на осигурително покритие**
**Член 2**

1.Сумата на осигурување е максималната обврските на осигурувачот.
2.Доколку настанат повеќе штети кои произлегуваат од ист штетен настан и кои временски се поврзани, а ја надминуваат сумата на осигурување, обврската на осигурувачот е до сумата на осигурување.
3.Осигурувањето е ограничено со исплата на една сума на осигурување во осигурителната година (годишен агрегат).
4.Доколку осигуреникот предвидува повеќе типови на електронски услуги предвидени со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, обврската на осигурувачот е ограничена со исплата на сума до износот кој осигуреникот го предвидел за секој тип на сертификат засебно (лимит по штетен настан).
Со исцрпување на сумата на осигурување престанува обврската на осигурувачот за исплата на штети.

**Извор на опасности**
**Член 3**

Издавачот на електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги согласно Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, ги обавува следните должности од кои може да настанат штетни настани како последица на грешки или пропусти при совесно и чесно обавување на дејноста и тие се:
- стручно и совесно давање на услуги;
- да користи безбедни системи и производи кои се заштитени од неовластени промени и гарантираат техничка сигурност и доверба во процесите што ги поддржуваат;
- да користи безбедни системи за складирање на податоците што му се доверени, така што податоците треба да се во форма која може да се верификува и тоа:
1. дека податоците ќе бидат јавно достапни единствено по претходна согласност од лицето на кого се однесуваат податоците,
2. дека само овластени лица можат да прават упис или промена на зачуваните податоци,
3. дека податоците можат да бидат подложни на проверка за автентичност
- да преземе мерки против фалсификување, кражба и неовластен пристап до податоци;
- да ги чува и да има можност да ги направи достапни соодветен временски период, дури и по престанокот на вршење на дејноста, сите релевантни информации поврзани со податоците кои се создадени или примени од страна на давателот на квалификувана доверлива услуга, особено за обезбедување на докази во судска постапка и со цел да се обезбеди континуитетот на услугата. Складирањето на овие податоци може да се направи по електронски пат;
- да чува навремени, точни и добро заштитени бази на податоци за издадените квалификувани електронски сертификати, доколку давателот на квалификувана доверлива услуга издава сертификати;
- да има ажуриран план за престанок на вршење на дејност со кој ќе обезбеди континуитет во обезбедувањето на квалификувани доверливи услуги за своите корисници;
- да преземе технички и организациски мерки за обработка на личните податоци во согласност со законите на Република Северна Македонија.
- Издавачот на квалификувани сертификати за електронски потпис, за електронски печат или за автентичност на веб страница е должен да ја чува целокупната документација за издадените и укинатите квалификувани сертификати за електронски потпис, за електронски печат или за автентичност на веб страница, како и средствата за електронска идентификација и верификација во административни, правни и други процедури, најмалку десет години по истекот на рокот за кој е издаден на сертификатот или по неговото укинување.
- дали сертификатот кој се однесува на квалификуван електронски потпис или печат во времето на потпишувањето или создавањето на печатот претставува квалификуван електронски сертификат;

- дали квалификуваниот сертификат бил издаден од давател на квалификувана доверлива услуга и бил валиден во времето на потпишување или запечатување;
- дали податоците за валидација на потписот или печатот се соодветни со податоците дадени на засегнатата страна;
- дали единствениот збир на податоци во квалификуваниот сертификат кои го претставуваат потписникот или создавачот на печатот, кои се дадени на засегната страна, се точни;
- дали во случај на користење на псевдоним во времето на потпишување или запечатување истото и е јасно укажано на засегнатата страна;
- дали електронскиот потпис или електронскиот печат бил создаден од средство за создавање на квалификуван електронски потпис или квалификуван електронски печат;
- дали интегритетот на податоците кои се потпишани или запечатени не е компромитиран.

**Осигурен случај**
**Член 4**

1.Осигурен случај според овие услови се смета законската одговорност поради пропуст или грешка направени од небрежност од издавачот при давањето на доверливи услугии.
2.Се смета дека пропуст или грешка направени од небрежност настапиле оној момент, кога требало да се превземе некоја од пропишаните законски должности, за да се спречи настанување на штетата.
3.Се смета дека осигурениот случај настанал во оној момент кога се остварил штетен настан врз основа на кој би можело да се истакне оштетно побарување од страна на корисникот на услугата за настанатата имотна штета.
4.Осигурениот случај треба да биде иден, неизвесен и независен од исклучивата волја на осигуреникот.

**Штети исклучени од осигурување**
**Член 5**

Од осигурување се исклучени штетите кои настанале:
1.Со намера, измама, измама и грубо невнимание од вработените лица кај издавачот;
2.Поради незапазување на договорените рокови;
3.Поради превземени обврски вон Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги;
4.Со вршење на дејноста без дозвола за работа поради неисполнети законски услови;
5.Поради престанок на вршење на дејноста;
6.Одговорност на осигуреникот врз основа на договорно проширување на неговата одговорност и за случаи за кои инаку по законот не одговара;
7.Поради виша сила, пожар и некои други опасности;
8.Поради војна, политички немири, бунтови, терористички акции, манифестрации, демонстрации и друго;
9.За грешки кои биле познати во време на склучување на договорот за осигурување или не можеле да останат непознати;
10.Во сите случаи кога не може да се утврди одговорност на издавачот во согласност со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и другите законски и подзаконски акти и Посебните услови за осигурување од одговорност на издавачот на квалификувани доверливи услуги.
11.Пропусти настанати поради непроверување на солвентоста на корисникот на доверливите услуги.
12.Непридржување кон постапката за издавање и идентификација на корисникот на доверливи услуги.
13.Како резултат на пенали, казни определени од надлежни органи.
14.Како резултат на незаконски дејствија на корисникот на доверливите услуги или други засегнати страни.
15.Како резултат на настани кои не зависат од неговиот делокруг на работа (испаѓање од електросистемот или системот на телекомуникации) како и штети кои настанале поради компјутерски, софтверски и слични грешки во процесот на издавање и користење на доверливите услуги.
Во никој случај не се покриваат штети настанати поради дефект на опрема на нуклеарни постројки, авионски системи за навигација и комуникација, контрола на авионски сообрќај, системи за контрола на оружје и во сите случаи кои може директно да предизвикаат смрт или друга телесна повреда.
16.Штети од издавање на пробни, бесплатни или тест доверливи услуги.
17. Доколку некој од корисниците се смета за одговорен за факти кои доведуваат до барање на одговорност која потпаѓа во горе наведените исклучоци, тогаш овој исклучок ќе се прошири и кај останатите корисници.
18.Корисникот ненавремено го известил осигуреникот за поништување на доверливите услуги
19.Изостанување на грижа на корисниците при работење со цел да се спречи компромитирање или губење на приватниот клуч, резултира со откажување на покритието по овие услови. Потребна грижливост мора да се применува постојано при извршување на операциите кои се поврзани со квалификуваните доверливи услуги, вклучувајќи ги контролите на валидност на електронскиот документ пред да се потпре на нив, почитувајќи ги ограничувањата за одговорност.
20.Пропусти на осигуреникот да примени мерки на претпазливост пред и за време на создавањето како и понатамошното процесирање на потпишаните пораки наменети за претплатник на доверлива услуга кај осигуреникот со цел праќање на потпишани, доверливи и тајни податоци
Претходното се однесува на во случаите на:
-неодредување на валидност на доверливата услуга;
-невалидирање на синџирот на доверливи услуги за претплатникот на услугата на осигуреникот што резултира со гаснење на осигурителното покритие по овие услови.
21.Штети настанати поради било кои лица кои причинуваат штети или злоупотреба преку интернет, телекомуникациите или други услуги, употребувајќи или репродуцирајќи компјутерски вируси.
22.Серификати кои се издадени без претходна авторизација и пред да биде извршено плаќањето, вклучувајќи го одложувањето на плаќањето, без претходно добиена согласност.

**Склучување на договор за осигурување**
**Член 6**

Договорот за осигурување се склучува врз основа на усмена или писмена понуда, а склучен е кога договорните страни ќе ја потпишат полисата за осигурување.
Ако осигурувачот во врска со примената писмена понуда побара било какво дополнување или измена, како ден на прием на понудата ќе се смета денот кога осигурувачот го примил бараното дополнување или измена.
Сите известувања и изјави што се даваат помеѓу договорните страни, а кои се однесуваат на одредбите од склучениот договор за осигурување, мора да бидат во писмена форма.

**Почеток и престанок на осигурување**
**Член 7**

Обврската на осигурувачот започнува по истек на 24-иот час од денот кој во договорот за осигурување е означен како почеток на осигурување.
Обврската на осигурувачот престанува со истек на 24-иот час од денот кој во договорот за осигурување е означен како ден на истек на осигурувањето.
Осигурувањето може да престане поради:
1.Престанок на вршење на дејноста;
2.Одземање на дозвола за работа и
3.Во други случаи кога постојат законски пречки.

**Плаќање на премија**
**Член 8**

Премијата за осигурување станува наплатива веднаш при склучување на договорт за осигурување, освен ако поинаку не е договорено.

Ако е договорено премијата да се плаќа во рати, осигурувачот може да засмета законска камата, во случај кога премијата не е платена до денот на доспеаноста на договорената рата.

**Промена на условите и тарифата**
**Член 9**

При промена на Условите и Тарифа за осигурување, осигурувачот е должен да го извести договорувачот на осигурувањето писмено. Извршените промени стапуваат на сила за наредниот период од осигурување.

**Промена на име на фирма**
**Член 10**

Договорувачот на осигурување е должен за секоја промена на назив на фирмата, да го извести осигурувачот во рок од 15 дена од денот на извршената промена.
Ако договорувачот на осигурувањето не постапи според предходниот став, за важност односно валидност на известието упатено од страна на осигурувачот, доволно е осигурувачот да постапил според податоците со кои располагал во времето на известување.

**Обврска на осигуреникот кога ќе настане осигурениот случај**
**Член 11**

Осигуреникот е должен писмено да го извести осигурувачот најдоцна во рок од 3 дена од денот на пријавувањето на оштетното побарување од оштетениот.
Оисуреникот е должен да го поденесе оштетното барање во одредена форма пропишана од осигурувачот.
Оштетното барање мора да биде поднесено за време на траење на полисата за осигурување Осигуреникот е должен на осигурувачот да му овозможи увид во целокупната документација со уредна електорнска евиденција и аргументирани факти кои се потребни за утврдување на причината и висината на штетата.
Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот и да достави наод од надлежен орган, кога барањето за надомест на штета против него е истакнато преку суд.
Осигуреникот не е овластен без претходна согласност од осигурувачот да се изјаснува по барањето, а особено да го признае потполно или делумно, да се спогодува или да изврши исплата.
Ако оштетениот поднесе тужба за надомест на штета против осигуреникот, тој е должен да го извести осигурувачот писмено во врска со штетниот настан, како и да се договорат околу водењето на спорот.
Во случај кога оштетениот со барањето за надомест на штета непосредно ќе му се обрати на осигурувачот, осигуреникот е должен да даде писмена изјава за причината за настанување на штета и е должен да ги презентира сите документи од уредно водената евиденција и битните факти со кои располага, а кои се неопходни за утврдување на одговорноста за причинетата штета  и оцена на основаноста на барањето, обемот и висината на штетата.
Доколку осигуреникот не се придржува кон обврските од овој член самиот ќе ги сноси штетните последици кои ќе настанат поради тоа, освен ако тие би настанале и да се придржувал кон обврските.

**Обврски на осигурувачот по поднесено барање од оштетениот**
**Член 12**

Во врска со поднесеното барање за надомест на штета од страна на оштетеното лице, осигурувачот има обврска:
1.Заедно со осигуреникот да преземе одбрана од неосновани и претерани барања за надомест на штета (правна заштита);
2.Да ја надомести настанатата штета (надомест на штета);
3.Да ги надомести трошоците по судска постапка (надомест на судските трошоци).

**Правна заштита**
**Член 13**

Обврската на осигурувачот за давање правна заштита опфаќа:
1.Испитување на одговорноста на осигуреникот за настанатата штета;
2.Водење спор во име на осигуреникот ако оштетениот остварува право на надомест на штета во процесната постапка;
3.Давање во име на осигуреникот изјави кои што смета дека ќе бидат од корист за задоволување или за одбрана од неосновано или претерано барање за надомест на штета.
Ако е поднесена тужба директно против осигуреникот, тој е должен веднаш да го извести осигурувачот и да се придржува на упатствата дадени од осигурувачот.
Во случај осигурувачот на име надомест на штета да ја исплатил сумата на осигурување пред покренување на спорот, престанува и обврската на правна заштита.

**Надомест на штета**
**Член 14**

Осигурувачот го исплатува надоместот на штета во рок од 14 дена сметано од денот кога е утврдена обврска и висината на таа обврска.
Доколку при разгледување на барањето се утврди дека осигуреникот не ги доставил сите докази и факти битни за утрдување на основот и висината на штетата, осигурувачот нема да изврши исплата на штета се додека не се достави потребната документација.

**Надомест на трошоците по постапката**
**Член 15**

Ако спорот е воден со знаење и согласност на осигурувачот со осигурувањето се покриени и трошоците на спорот.
Трошоци за кривична постапка, како и трошоци за застапување на осигуреникот, осигурувачот не е во обврска да ги надомести.
Кога ќе ја изврши својата обврска со исплатата на сумата на осигурување, осигурувачот се ослободува од понатамошни давања на име надомест и трошоци.

**Непосредно барање од оштетеното лице**
**Член 16**

Ако оштетеното лице, своето барање и тужба за надомест на штета го упати само спрема осигурувачот, осигурувачот ќе го извести за тоа осигуреникот и ќе го повика да му ги даде сите потребни докази, а осигуреникот е должен да преземе мерки заради заштита на своите интереси.
Доколку во случајот од претходниот став осигурувачот одлучи да му исплати надомест на оштетениот во потполност или делумно, должен е за тоа да го извести осигуреникот.

**Утврдување и процена на штета**
**Член 17**

Штетата ја утврдуваат и проценуваат заедно осигуреникот и осигурувачот со оштетениот, односно нивни овластени преставници.
Штетата се утврдува и проценува врз основа на уредна документација, достапна на увид на овластениот преставник на осигурувачот, а согласно на Законот за облигационите односи и Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

**Сопствено учество во штета (франшиза)**
**Член 18**

Осигуреникот во секоја штета учествува со износ од 250 Евра во денарска противвредност на денот на настанување на штетата.

**Вештачење на штета**

**Член 19**

Доколку при утврдување и проценување на штетата не се согласат договорените страни и оштетениот, може да побараат штетата да се утврди и процени по пат на вештачење.
Секоја од договорените страни и оштетениот писмено го именува својот вештак. За вештаци може да се именуваат лица кои се во работен однос кај нив,а кои не учествувале во претходната проценка.
Пред почетокот на вештачењето, именуваните вештаци бираат вештак за претседател, а кој е со високо образование и не е во работен однос кај договорните страни. Претседателот дава стручно мислење по спорните прашања на вештаците.
Предмет на вештачење можат да бидат само спорни факти. Кои спорни факти ќе бидат предмет на вештачењето, како и постапката за вештачење, конкретно ги определуваат договерените страни со писмен договор за вештачење.
Секоја договорена страна и оштетениот ги сноси трошоците за својот вештак, а за претседателот ги сносат сите страни рамномерно.

**Висина на надомест на штета**
**Член 20**

Висината на надоместот на штета не може да биде поголема од штетата што оштетениот ја претрпел со настанување на осигурениот случај.
Надоместот на штета и судските трошоци се исплатуваат најмногу до договорената сума на осигурувањето, со што престанува и обврската на осигурувачот.

**Право на регрес**
**Член 21**

Осигурувачот задржува право на регрес од осигуреникот, односно право на поврат на штета од оштетениот, во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за која, на осигурувачот од страна на осигуреникот, односно оштетениот не му се презентирани точни и вистински податоци, односно докази за надомест на штета.
Осигуртеникот е должен да му ги отстапи на осигурувачот сите права спрема трети лица одговорни за настанување на штетниот настан, до висината на исплатената штета од страна на осигурувачот.

**Застарување на побарувањето**
**Член 22**

Барањето за надомест на штета причинета со повреда на должноста на издавачот на електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, а поднесено од страна на оштетениот субјект, застарува согласно на одредбите од Законот за облигациони односи.

**Територијално важење на осигурувањето**
**Член 23**

Осигурувањето важи за сите земји во светот, освен ако поинаку не е договорено во полисата за осигурување.

**Надлежност на судот во случај на спор и примена на законите**
**Член 24**

За споровите кои ќе произлезат од примената на овие Услови ќе решава стварно надлежниот суд во седиштето на осигурувачот. За односите помеѓу договорените страни се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Општите услови за осигурување од одговорност и Дополнителните услови за осигурување од одговорност на издавачот на електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.
Општите услови за осигурување од одговорност, важат во оној дел кој не е во спротивност со Посебните услови за осигурување од одговорност на издавачот на електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

**Завршни одредби**
**Член 25**

Овие услови влегуваат во сила со нивното донесување а ќе се применуваат од 01.09.2023 година.

***САВА осигурување, а.д. Скопје***
***Одбор на директори***
***Претседател***
***Рок Мољк***